**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Англиски јазик

## за I одделение

**Скопје, 2021 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Англиски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | I (прво) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ● ***Јас и другите во домот***<br>● ***Јас и другите во училиштето***<br>● ***Јас и другите во мојата непосредна околина***<br>● ***Јас и другите во слободното време*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Со цел успешна реализација на наставата по англиски јазик во прво одделение, ќе се користат:<br>● компјутер, печатач, проектор, табла;<br>● кукли за игровни активности, фотографии, слики, играчки;<br>● материјал за изработка на роденденски честитки/роденденска честитка, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери. |
| **Норматив на наставен кадар** | - Завршени студии по Англиски јазик и книжевност/литература – наставна насока, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по Англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по Англиски јазик и книжевност/литература – друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии за одделенска настава со модул за англиски јазик – VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени четиригодишни студии на студиската програма Македонски и англиски јазик (со стекнат стручен назив професор по македонски и англиски јазик), VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени двопредметни студии по англиски јазик и друг јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по англиски јазик на друга студиска програма, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Користење други јазици*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.1 | да разбере реченици и често употребувани фрази кои се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (како лични и семејни информации, потреби и интереси); |
| II-A.5 | да комуницира во конкретни и секојдневни ситуации кога се бара едноставна и директна размена на информации на познати теми; |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не ја попречуваат комуникацијата; |
| II-A.7 | да користи најчесто употребувани искази и реченици кои произлегуваат од непосредното искуство и/или се однесуваат на теми и ситуации од непосреден интерес; |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комуникација со припадниците на различни културни/јазични групи; |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури; |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување на другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјата: ***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој*** и ***Општество и демократска култура*** на Националните стандарди.

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заедничките  цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО ДОМОТ***

Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. се поздравува, да се претставува себеси, да бара соговорникот да се претстави при остварување прв контакт и да се збогува на неформален начин;
2. го претставува потесното семејство пред соговорници;
3. го разбира значењето на определен број зборови и истите да ги користи во соодветен контекст (членови на потесното семејство и детски играчки);
4. ги користи личните заменки I и You, показната заменка this и присвојната придавка my при формулирање на едноставни реченици во Present Simple Tense (I am, You are, I have, You have) во контекст на претставување и поседување.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• поздравување/збогување (неформално): Hi! Hello! Bye bye!<br>• претставување себеси: I'm Marija. / Who is this? / This is Arben. | • Учествува во кус дијалог преку соодветно возвраќање (надоврзување) на неформални поздрави (под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците).<br>• Го кажува своето име и прашува кое е другото лице. |

| | |
|---|---|
| б) Лексички единици:<br>● членови на потесното семејство: mum, dad, brother, sister, baby;<br>● детски играчки: a doll, a teddy bear, a car, a ball, a kite, a rope. | ● Именува членови од семејството.<br>● Учествува во кус дијалог преку соодветно претставување на членови на потесното семејство (под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците).<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички единици на теми поврзани со членовите на потесното семејство и детските играчки.<br>● Набројува детски играчки со усвоените лексички единици. |
| в) Граматички структури:<br>● лични заменки: I, you;<br>● показни заменки: This is...;<br>● присвојни придавки: My brother / sister;<br>● Present Simple tense of TO BE: I am / You are;<br>● Present Simple tense of TO HAVE: I have / You have. | ● Одговара на едноставни прашања поврзани со лично претставување.<br>● Ги употребува личните заменки I и You кога се претставува себеси и при претставување на членовите од семејството.<br>● Ги користи показните заменки и присвојните придавки во едноставни реченици при искажување присвојност.<br>● Правилно ги применува граматичките структури при претставување и искажување поседување. |
| г) Интеркултурни содржини:<br>● Halloween: witch, pumpkin, party, candy, zombie<br>● Happy Halloween!<br>● Happy Birthday! | ● Идентификува и разликува празници по слушнат исказ.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички едници на теми поврзани со празници и родендени.<br>● Честита роденден. |

**Примери за активности**

- Наставникот поздравува и се претставува себеси.
- Учениците соодветно реагираат и неформално поздравуваат и отпоздравуваат.
- Наставникот со правилна интонација ги изговара лексичките единици поврзани со членовите на потесното семејство и играчките.
- Учениците ги слушаат и ги повторуваат лексичките единици за членовите на семејство и детските играчки.
- Учениците изработуваат *Family Book* со цртежи од членовите од своето потесно семејство.
- Учениците цртаат играчки по слушнат исказ.
- Учениците искажуваат што поседуваат (show and tell): *I have a doll. You have a car.*
- Учениците пеат *Nursery rhymes* и песнички, како што се: *Hello, hello; The Finger Family Song*.
- Учениците изработуваат роденденски честитки и декорации за Halloween.
- Учениците ја слушаат и ја пеат песната *Happy Birthday*.

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО***

Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. се поздравува и збогува на формален начин, да се претставува себеси со дополнителни информации (на формален начин);
2. ги применува формите на кратки заповеди;
3. користи определен број зборови (во врска со училиште и училиштен прибор) во соодветен контекст.
4. користи лични заменки, показни заменки, присвојни придавки и ограничен број глаголи при формулирање на едноставни реченици во Present Simple Tense во контекст на претставување, посвојност и поседување.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● поздравување/збогување (формално): Good morning! Good afternoon! Good evening! Good bye!: How are you? Fine, thank you;<br>● претставување себеси: My name is… / I come from...;<br>● заповедување: Listen and repeat / Look at this / Pick up / Sit down / Stand up / Come in. | ● Учествува во кус дијалог преку соодветно возвраќање (надоврзување) на формални поздрави со учтиви изрази (под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците).<br>● Го кажува своето име (на формален начин) и дава други информации за себе.<br>● Невербално одговара на кратки заповедни реченици.<br>● Невербално ги прикажува усвоените кратки заповедни реченици со соодветни движења на телото.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени кратки заповедни реченици. |
| б) Лексички единици:<br>● луѓе и места: a school, a classroom, a student, a teacher, a friend;<br>● училиштен прибор: a book, a pen, a pencil, a pencil case, a rubber, a bag. | ● Ги идентификува и разликува училишниот прибор и предметите во училницата по кус слушнат исказ.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени лексички едници на теми поврзани со училиштето.<br>● Ги набројува училишниот прибор и предметите во училницата со усвоените лексички единици. |
| в) Граматички структури:<br>● лични заменки: I, you;<br>● показни заменки: This is…;<br>● присвојни придавки: My teacher / pencil; Your book / pen; | ● Одговара на едноставни прашања поврзани со лични информации за искажување присвојност преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели.<br>● Ги употребува глаголите: look, sing, draw во соодветен контекст. |

<table>
<tr><td>

- глаголи: look, sing, draw;
- Present Simple Tense of TO BE: I am / You are my friend;
- Present Simple Tense of TO HAVE: I have a friend. / You have a pencil.

</td><td>

- Ги користи показните заменки и присвојните придавки во контекст на искажување присвојност.
- Правилно ги применува граматичките структури при претставување и искажување поседување.

</td></tr>
<tr><td>

г) Интеркултурни содржини:

- Christmas: Christmas tree/card, decoration, Santa Claus, present
- Merry Christmas!
- Happy New Year!

</td><td>

- Ги репродуцира и самостојно ги продуцира усвоените лексички единици на теми поврзани со празниците.
- Честита Божиќ.
- Честита Нова година.

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Примери за активности**

- Учениците водат меѓусебен дијалог во кој формално се поздравуваат и се збогуваат.
- Наставникот драматизира приказна поврзана со лексичките единици поврзани со училиштен прибор.
- Учениците именуваат зборови кои означуваат училиштен прибор.
- Под менторство на наставникот учениците играат игри за вежбање на усвоениот вокабулар:
  - игра со погодување (blindfold guessing game / tactile game): ученикот со заврзани очи треба да погоди кој е предметот (училиштен прибор), земајќи го од затворена кутија/торбичка;
  - игри со слушање и невербално реагирање (listening games), како што се: *Simon says: Pick up a pencil! ; Simon says: Stand up! ; If you're happy and you know it...*
- Учениците изработуваат новогодишни/божиќни честитки и украси.
- Учениците слушаат и пеат песнички: *We Wish you a Merry Christmas ; Jingle Bells.*

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО МОЈАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА***

Вкупно часови: **18**

</td></tr>
<tr><td colspan="2">

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го разбира значењето на слушнати лексички единици на теми поврзани со непосредната околина (природата и животни) и истите да ги користи во соодветен контекст;
2. брои од 1 до 10 во различен контекст;
3. ја опише својата непосредна околина со усвоените основни реченични модели;

</td></tr>
</table>

4. користи лични заменки, именки, описни придавки, придавки (бои), како и определен број глаголи при формулирање на едноставни реченици во Present Simple Tense во контекст на опишување, разликување еднина и множина, разликување бои и искажување присвојност во едноставни исказни реченици.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>● претставување на домашни животни, миленичиња и диви животни: This is … / It is …;<br>● броење до 10: one, two, three… | ● Ги претставува домашните животни, миленичињата и дивите животни.<br>● Невербално одговара на поставена слушната задача поврзана со броеви од 1 до 10.<br>● Ги идентификува и разликува броевите од 1 до 10 по кус слушнат исказ.<br>● Репродуцира и самостојно продуцира усвоени јазични функции на теми поврзани со непосредната околина и животните. |
| б) Лексички единици:<br>● места: a park (roundabout, swing), a farm;<br>● домашни животни: a cow, a pig, a chicken, a horse, a sheep;<br>● миленичиња: a cat, a dog, a fish;<br>● диви животни: a rabbit, a lion, a bear. | ● Ги именува местата во својата непосредна околина наведени во лексичките единици.<br>● Ги идентификува и именува домашните животни, миленичињата и дивите животни.<br>● Учествува во кус дијалог поврзан со својата непосредна околина, под услов другото лице да зборува бавно и јасно, со прилагодено темпо соодветно на возраста на учениците. |
| в) Граматички структури:<br>● лични заменки: I, you, it, they;<br>● еднина и правилна множина (именки): book / books, horse / horses;<br>● описни придавки: a big elephant / a small cat / an old car / a new school / a happy girl / a sad boy;<br>● придавки (бои): red, blue, green, black;<br>● глаголи: love, like / don't like, jump, walk, run;<br>● Present Simple Tense of TO BE: I am / We are;<br>● Present Simple Tense of TO HAVE: We have a dog. / They have a fish;<br>● едноставни исказни реченици: I have a farm. | ● Ги употребува личните заменки it и they при претставување домашни животни.<br>● Прави разлика меѓу именките во еднина и во множина.<br>● Одговара на едноставни прашања поврзани со својата непосредна околина преку правилна примена на граматичките структури и основните реченични модели.<br>● Ги препознава и ги користи описните придавки: big, small, old, new, happy, sad во соодветен контекст при опишување.<br>● Ги препознава/именува/разликува/користи боите: red, blue, green, black, преку соодветните придавки во различен контекст.<br>● Правилно ги применува граматичките структури при опишување.<br>● Ги разликува глаголите like/don't like и правилно ги користи во соодветен контекст.<br>● Репродуцира едноставни исказни реченици. |

| | |
|---|---|
| | |
| г) Интеркултурни содржини:<br>● Mother's Day: love, card, balloon, gift;<br>● I love you!<br>● Easter: eggs, Easter bunny;<br>● Happy Easter! | ● Ги репродуцира и самостојно ги продуцира усвоените лексички единици на теми поврзани со празниците.<br>● Честита Ден на мајката.<br>● Честита Велигден. |

**Примери за активности**

- Наставникот именува одредено животно, а учениците го покажуваат на илустрација. Потоа наставникот покажува илустрација со одредено животно, а учениците го кажуваат покажаното животно.
- Учениците бројат од 1 до 10, користејќи прсти.
- Учениците  изработуваат puppets (dog, cat, fish…) од мали хартиени кеси, а потоа со нив изведуваат куклена претстава, користејќи го усвоениот вокабулар.
- Учениците именуваат одредено животно и гласовно го имитираат (*cat - meow, dog - woof, sheep - baa, cow - moo)*.
- Учениците опишуваат изглед на дадено домашно или диво животно со дадени бои (brown bear, white sheep).
- Под менторство на наставникот учениците играат игри за вежбање на усвоениот вокабулар:
  - игри на асоцијации (association games), како во играта *What animal am I?* каде што се имитира одредено животно, а останатите погодуваат;
  - игри со погодување (guessing games), како давање опис на животно и погодување: *It is small. It swims. What is it? - A fish*;
  - пантомима.
- Учениците слушаат и пеат Nursery rhymes (*Baa baa black sheep; I have a pet; Ten little Indians; Five little monkeys; One, Two, Three, Four, Five; Old MacDonald Had a Farm*), песнички со повторливи зборови (chants) и песнички, како што се: *My dear, dear, Mummy, I love you very much*…. (March 8, Mother's Day in Europe).
- Учениците изработуваат честитки за *Mother's Day* (Ден на мајката).
- Учениците изработуваат велигденски честитки.

Тема: ***ЈАС И ДРУГИТЕ ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ***

Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го разбере значењето на слушнати лексички единици на теми поврзани со слободното време (одмор)/временски услови/превозни средства и истите да ги користи во соодветен контекст;
2. се извини, замоли, се заблагодари и прифати/одбие нешто со едноставни форми на учтиво изразување;
3. го опише својот одмор (слободно време) со едноставни глаголи;
4. користи лични заменки, именки, придавки (бои), како и определен број глаголи при формулирање на едноставни реченици во Present Simple Tense во контекст на опишување годишни времиња и искажување активност во едноставни исказни реченици.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| а) Јазични функции:<br>• Учтиво изразување (извинување, замолување, заблагодарување, прифаќање/одбивање): *Please. I'm sorry. Thank you. Yes/No.* | • Идентификува и разликува јазични форми на учтиво изразување преку слушнат контекст.<br>• Репродуцира јазични форми на учтиво изразување при извинување, замолување, заблагодарување и прифаќање/одбивање со едноставни искази.<br>• Зема учество во кус дијалог преку употреба на јазичните форми за учтиво изразување. |
| б) Лексички единици:<br>• годишни времиња и одмори: spring, summer, autumn, winter, holiday;<br>• временски услови (именки): sun, rain, snow, clouds;<br>• превозни средства: car, bus, train, boat, scooter, bike. | • Ги именува четирите годишни времиња.<br>• Го користи зборот holiday да каже дека е на одмор.<br>• Користи именки (sun, rain, snow, clouds) за да ги опише временските услови.<br>• Ги идентификува предвидените лексички единици кои означуваат превозни средства. |
| в) Граматички структури:<br>• лични заменки: I, you, it, they;<br>• придавки (бои): white, yellow, pink;<br>• глаголи (активности): swim, run, ski, walk, ride, fly, jump;<br>• Present Simple Tense of TO BE: It **is** spring;<br>• едноставни исказни реченици;<br>• In summer, we swim. / I ride my blue scooter in spring. / In autumn, it rains. | • Ги применува личните заменки за прво, второ и трето лице еднина и трето лице множина.<br>• Ги препознава и користи боите: white, yellow, pink, преку соодветните придавки.<br>• Ги препознава и користи предвидените глаголи кои изразуваат активност: swim, run, ski, walk, ride, fly, jump.<br>• Го кажува годишното време со формата на глаголот TO BE во Present Simple Tense.<br>• Репродуцира едноставни исказни реченици поврзани со активности во дадено годишно време и со одредени превозни средства. |

| | |
|---|---|
| г) Интеркултурни содржини:<br>● Have a nice summer!<br>● Have a good trip!<br>● Have a safe trip!<br>● Father's Day: love, card, balloon, gift. | ● Посакува убаво лето.<br>● Посакува среќен пат.<br>● Посакува безбедно патување.<br>● Честита Ден на таткото. |

**Примери за активности**

- Учениците вежбаат интонација за лексичките единици поврзани со годишни времиња, временски услови и превозни средства.
- Учениците преку игра на улоги ги применуваат формите за учтиво однесување, за извинување, замолување, заблагодарување и прифаќање/одбивање нешто.
- Учениците изработуваат календар со промените кои настануваат во природата низ годишните времиња.
- Учениците усно дополнуваат искази со усвоени поими за боите од типот: *The sun is…..yellow. The sky is….blue.*
- Учениците именуваат и бојат претходно подготвени материјали во форма на цртежи поврзани со превозните средства.
- Учениците ја слушаат и ја пеат песната *The Wheels on the Bus.*
- Учениците играат игра со погодување – годишно време (snow- winter; swim- summer).
- Учениците изработуваат честитки за *Father's Day* (Ден на таткото).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на

дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). Бидејќи во прво одделение по предметот Англиски јазик учениците ги совладуваат вештините слушање со разбирање и зборување, затоа наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/наставничката или од соучениците;
- невербалните реакции и изведби;
- реагирањето по инструкции (“Sit down”, “Come here”);
- изработките (илустрации, цртежи, модели и сл.);
- изведбените активности (во играта Simon says!).

По завршување на учењето на секоја тема учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативното оценување се користи во одредени периоди во наставната година и е поврзано со одредени периоди – крај на одделна тема, тримесечје, полугодие или крај на учебна година.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2021/2022 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот  за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Англиски јазик* за I одделение.** | бр. 12-6200/3<br>9.4.2021 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска, с.р. |